Print Close

**From:** [redacted]
**Date:** Mon, 10 Feb 2025 10:43:16 +0000
**To:** urbanizam@valandovo.gov.mk
**Cc:** [redacted]
**Subject:** Барање за информации од јавен карактер
**Attachments:** Образец-на-БарањеИЈК-општина Валандово.pdf

---

Почитувани,

Во состав на оваа порака Ви доставуваме барање за информации од јавен карактер во кое бараме информации за фотонапонските централи кои се инталирани на објектите кои се во владение на вашата општина.

Овие информации вклучуваат:

- Име на објектот и каде е инсталирана фотонапонската централа;
- Инсталирана моќност на фотонапонската централа [kW];
- година на инсталирање;
- година на почеток со работа.

Во надеж дека позитивно ќе одговорите на нашето барање,

Однапред Ви благодариме,

Со почит,

---------------------------------------------------------------------------

[redacted]

( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 10.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 249/1 | | |

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
10.02.25

**До:** Општина Валандово

**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted], адреса: [redacted]
тел.: [redacted], е-маил: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
[redacted], тел: [redacted], е-маил: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Список на објекти кои се во владение на општината на кои се поставени фотонапонски централи. Списокот треба да содржи: име на објектот, инсталирана моќност (во kW), година на инсталирање, година на пуштање во работа

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** [redacted], 10.02 2025 **година .**

**Потпис**

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-249/2
14.02.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] од [redacted] од 10.02.2024 година, заведено под бр.10-249/1 од 10.02.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено на 10.02.2025 година од [redacted] од [redacted], преку [redacted] како застапник на барателот на информација, заведено под бр.10-249/1 од 10.02.2025 година .

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово ја има и ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ВАЛАНДОВО

Изработил: С. Димитров [redacted]
Контролирал: В.Лазов
Одобрил: С.Христова Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-249/3
14.02.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ:Одговор на Вашето барање по ЗСПИЈК од 10.02.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК добиено електронски на меил на 10.02.2025 година, а заведено под бр.10-249/1 од 10.02.2025 година, Ви ги доставуваме податоците од Општина Валандово за објекти кои се во владение на Општина Валандово,а на кои поставени фотонапонски централи:

1. ООУ,,Страшо Пинџур,, Јосифово на КП 2062 КО Јосифово
   Инсталирана моќност 15,17 KW
   Инсталирана во 2022 година
   Почеток на работа во 2023 година

2. ЈОУДетска градинка,,Калинка,,Валандово на КП 2294 КО Валандово
   Инсталирана моќност 10 KW
   Инсталирана во 2019 година
   Почеток на работа во 2021 година

3. СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово КП 3459/1 КО Валандово
   Инсталирана моќност 19 KW
   Инсталирана во 2022 година
   Почеток на работа во 2023 година

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ
[redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар“ бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk